Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-917/3
03.07 2024 год.
ПЕТРОВЕЦ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

**ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ**
**на Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба : Новопланиран СН10(20)кV кабелски подземен вод од КП 905 до КП 924/1 во КО Петровец , Општина Петровец**

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ Охрид,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-1400 од 2023 год, за одобрување на Урбанистички проект за инфраструктура, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), го издава следното:

**РЕШЕНИЕ**

Се одобрува **Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба : Новопланиран СН10(20)кV кабелски подземен вод од КП 905 до КП 924/1 во КО Петровец , Општина Петровец,** со технички број **Е-11/23- у п** од февруари 2023 год. изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ Охрид

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ Охрид,поднесе барање за одобрување на **Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба : Новопланиран СН10(20)кV кабелски подземен вод од КП 905 до КП 924/1 во КО Петровец , Општина Петровец** со технички број **Е-11/23- у п** од февруари 2023.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)
2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)
3. Извод од урбанистичка документација
4. Геодетски елаборат
5. Полномошно
6. Податоци информации и мислења од релевантни институции
7. Урбанистички проект (pdf.dwg)
8. Ревизија на Урбанистички проект.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. Е-11/23-уп може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-917/2 од 04.06.2024 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**